# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## Општина Гази Баба

20 март 2023 | Излегува по потреба | Година XVIII | број 6



Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СООБРАЌАЈ ВО МИРУВАЊЕ И РЕГУЛИРАЊЕ НА НАПЛАТА НА КОМУНАЛНА ТАКСА НА ЈАВНИТЕ ПАРКИРАЛИШТА И ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ НАМЕНЕТИ ЗА ПАРКИРАЊЕ - ЗОНСКО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за регулирање на сообраќај во мирување и регулирање на наплата на комунална такса на јавните паркиралишта и јавните површини наменети за паркирање - зонско на подрачјето на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 14 март 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2187/1**
**од 20 март 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 15 став (1) точка 4 алинеја 6 и член 33 од Законот за градот Скопје (''Службен весник на РМ'' бр.55/04 и 158/11), член 3 став (1) точка 8 и член 20 тарифен број 8 од Законот за комуналните такси (''Службен весник на РМ'' бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15, 23/16 и ''Службен весник на РСМ'' бр.151/21), член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и чевтттата седница одржана на 14 март 2023 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СООБРАЌАЈ ВО МИРУВАЊЕ И РЕГУЛИРАЊЕ НА НАПЛАТА НА КОМУНАЛНА ТАКСА НА ЈАВНИТЕ ПАРКИРАЛИШТА И ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ НАМЕНЕТИ ЗА ПАРКИРАЊЕ - ЗОНСКО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### Член 1

Со оваа одлука се утврдува начинот и постапката за организирање на сообраќај во мирување и регулирање на наплатата на комунална такса на јавните паркиралишта и јавните површини наменети за паркирање - зонско на подрачјето на Општина Гази Баба.

### Член 2

Организирањето на сообраќај во мирување на јавните паркиралишта и јавните површини наменети за паркирање - зонско на подрачјето на Општина Гази Баба, што вклучува обележување, одржување и користење како и техничките и организациските работи, наплатата и надзорот над паркирањето на возилата и останатите работи, ќе ги извршува Јавното претпријатие ''Градски паркинг'' - Скопје.

Јавното претпријатие ''Градски паркинг'' - Скопје, организирањето на сообраќај во мирување на јавните паркиралишта и јавните површини наменети за паркирање - зонско на подрачјето на Општина Гази Баба, ќе го врши во согласност со позитивните законски прописи, подзаконските акти и Одлуката за јавните паркиралишта од значење за градот Скопје (''Службен гласник на Град Скопје'' бр.17/08), на начин што ќе овозможи безбедно и ефикасно користење на јавните паркиралишта и јавните површини наменети за паркирање - зонско за граѓаните.

### Член 3

За користење на јавните паркиралишта и јавните површини наменети за паркирање - зонско од член 2 од оваа одлука, организаторот на сообраќајот во мирување има обврска да плаќа комунална такса согласно Законот на комуналните такси и Законот за градот Скопје.

### Член 4

Организаторот на сообраќајот во мирување од член 2 од оваа одлука е должен да поднесува до Општина Гази Баба полугодишни извештаи за преземените мерки и активности во насока на одржувањето и состојбата на јавните паркиралишта и јавните површини наменети за паркирање - зонско, на кои ја врши дејноста на организацијата на сообраќајот во мирување.

**Член 5**

Општина Гази Баба ќе ги превземе сите неопходни дејствија за реализација на оваа одлука во согласност со Законот на комуналните такси и Законот за градот Скопје.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1908/3**
**од 14 март 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСХОДУВАЊЕ И ОТТУЃУВАЊЕ НА СТАРИ И НЕУПОТРЕБЛИВИ СТВАРИ**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за расходување и оттуѓување на стари и неупотребливи ствари, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 14 март 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2187/2**
**од 20 март 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за расходување и оттуѓување на стари и неупотребливи ствари, бр.02-101/5 од 08.02.2023 година, Советот на Општина Гази Баба на дваесет и чевrттата седница одржана на 14 март 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСХОДУВАЊЕ И ОТТУЃУВАЊЕ НА СТАРИ И НЕУПОТРЕБЛИВИ СТВАРИ**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за расходување и оттуѓување на стари и неупотребливи ствари, бр.02-101/5 од 08.02.2023 година, донесена од управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1908/4**
**од 14 март 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ ЗА 2022 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2022 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 14 март 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2187/3**
**од 20 март 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22 и 274/22), член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2022 година, бр.02-62/3 од 06.03.2023 година, Советот на Општина Гази Баба на дваесет и чевртата седница одржана на 14 март 2023 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ ЗА 2022 ГОДИНА

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2022 година, бр.02-62/3 од 06.03.2023 година, донесена од управниот одбор.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1908/5**
**од 14 март 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ ЗА 2022 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2022 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 14 март 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2187/4**
**од 20 март 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 11 став (1) точка 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22 и 274/22), член 36 став (1) точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2022 година, бр.02-62/4 од 06.03.2023 година, Советот на Општина Гази Баба на дваесет и чевртата седница одржана на 14 март 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ ЗА 2022 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2022 година, бр.02-62/4 од 06.03.2023 година, донесена од управниот одбор.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1908/6**
**од 14 март 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА НАБАВКА НА ВОЗИЛА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛОТО НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВИТАЛНИ ОБЈЕКТИ ОД ЗНАЧИТЕЛНА ВАЖНОСТ ЗА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, ЗА ПЕРИОД 2023 - 2024 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Развојна Програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2023 - 2024 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 14 март 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2187/5**
**од 20 март 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 11 став (1) точка 8 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22 и 274/22), член 36 став (1) точка 6 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за изменување и дополнување на Развојна Програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2023 - 2024 година, бр.02-62/5 од 06.03.2023 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на дваесет и чеврттата седница одржана на 14 март 2023 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА НАБАВКА НА ВОЗИЛА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛОТО НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВИТАЛНИ ОБЈЕКТИ ОД ЗНАЧИТЕЛНА ВАЖНОСТ ЗА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, ЗА ПЕРИОД 2023 - 2024 ГОДИНА

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Развојна Програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2023 - 2024 година, бр.02-62/5 од 06.03.2023 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1908/7**
**од 14 март 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА ВО ДУП ЗА ДЕЛ ОД МАЏАРИ 2, УРБАН БЛОК 5, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ (Одлука бр.07-3980/14 од 26.10.2011 година) ЗА ГП 3.60, ГП 3.61, ГП 3.62, ГП 3.63, ГП 3.64, ГП 3.65, ГП 3.66, ГП 3.67, ГП 3.68 и ГП 3.69**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Техничка исправка во ДУП за дел од УЗ Маџари 2, Урбан блок 5, Општина Гази Баба - Скопје (Одлука бр.07-3980/14 од 26.10.2011 година), за ГП 3.60, ГП 3.61, ГП 3.62, ГП 3.63, ГП 3.64, ГП 3.65, ГП 3.66, ГП 3.67, ГП 3.68 и ГП 3.69, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 14 март 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2187/6**
**од 20 март 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (6) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20), член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и чевртата седница одржана на 14 март 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА ВО ДУП ЗА ДЕЛ ОД МАЏАРИ 2, УРБАН БЛОК 5, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ (Одлука бр.07-3980/14 од 26.10.2011 година) ЗА ГП 3.60, ГП 3.61, ГП 3.62, ГП 3.63, ГП 3.64, ГП 3.65, ГП 3.66, ГП 3.67, ГП 3.68 и ГП 3.69**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Техничка исправка во ДУП за дел од УЗ Маџари 2, Урбан блок 5, Општина Гази Баба - Скопје (Одлука бр.07-3980/14 од 26.10.2011 година), за ГП 3.60, ГП 3.61, ГП 3.62, ГП 3.63, ГП 3.64, ГП 3.65, ГП 3.66, ГП 3.67, ГП 3.68 и ГП 3.69.

Предлогот за Техничка исправка во ДУП за дел од УЗ Маџари 2, Урбан блок 5, Општина Гази Баба - Скопје (Одлука бр.07-3980/14 од 26.10.2011 година), за ГП 3.60, ГП 3.61, ГП 3.62, ГП 3.63, ГП 3.64, ГП 3.65, ГП 3.66, ГП 3.67, ГП 3.68 и ГП 3.69, во целост е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.225/20, 219/21 и 104/22) како и други важечки прописи и нормативи од областа на урбанистичкото планирање.

**Член 2**

Во ДУП за дел од Маџари 2, Урбан блок 5, Општина Гази Баба - Скопје, (Одлука бр.07-3980/14 од 26.10.2011 година), евидентирана е неусогласеност во Планската документација, односно за формираните десет градежни парцели во блокот 3, кои треба да ја имаат нумерацијата од 3.60 до 3.69, нема податоци во текстуалниот и нумеричкиот дел а во графичкиот дел се дефинирани градежни парцели за кои недостига наведената нумерација. Следствено на оваа неусогласеност, во табелите од нумеричкиот дел кои дефинираат вкупни податоци на ниво на блок и ниво на плански опфат, се јавува неусогласеност во збирните параметри за намената А1-домување во станбени куќи.

**Член 3**

Предлогот за Техничка исправка во ДУП за дел од УЗ Маџари 2, Урбан блок 5, Општина Гази Баба - Скопје (Одлука бр.07-3980/14 од 26.10.2011 година), за ГП 3.60, ГП 3.61, ГП 3.62, ГП 3.63, ГП 3.64, ГП 3.65, ГП 3.66, ГП 3.67, ГП 3.68 и ГП 3.69, со Тех.бр.0801-01-01/23 од 01/2023 година, изготвен од Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДОО Битола, содржи:

СОДРЖИНА

Насловна страна
Податоци за изработувачот
- Работен тим
- Регистрација на фирмата
- Лиценца на фирмата
- Овластувања на вработените

ИЗВОД ОД ДУП

ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА

- Вовед
- Планирана состојба според усвоена планска документација
- Техничка исправка

Прилог:
- Планска документација - текстуален и нумерички дел според техничка исправка
- Регулационен план и план на површини за градење според техничка исправка
- Сообраќаен, нивелациски и план на зеленило според техничка исправка
- Инфраструктурен план според техничка исправка
- Синтезен план според техничка исправка

**Член 4**

Одлуката за донесување на Техничка исправка во ДУП за дел од УЗ Маџари 2, Урбан блок 5, Општина Гази Баба - Скопје (Одлука бр.07-3980/14 од 26.10.2011 година), за ГП 3.60, ГП 3.61, ГП 3.62, ГП 3.63, ГП 3.64, ГП 3.65, ГП 3.66, ГП 3.67, ГП 3.68 и ГП 3.69, задолжително се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам од страна на донесувачот на техничката исправка.

**Член 5**

Донесувачот на Одлуката за донесување на Техничка исправка во ДУП за дел од УЗ Маџари 2, Урбан блок 5, Општина Гази Баба - Скопје (Одлука бр.07-3980/14 од 26.10.2011 година), за ГП 3.60, ГП 3.61, ГП 3.62, ГП 3.63, ГП 3.64, ГП 3.65, ГП 3.66, ГП 3.67, ГП 3.68 и ГП 3.69, е должен примерок од донесената Техничка исправка во електронска форма да ја објави на својата веб страна.

**Член 6**

Техничката исправка е составен дел на Деталниот урбанистички план, кој се применува во форма на пречистена верзија на планот односно како основниот план во кој е вградена техничката исправка, за кој што важат истите одредби за предавање, објавување, презентирање, преклопување, применување и чување на урбанистички планови.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1908/8**
**од 14 март 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ УСОГЛАСИ НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО НА КОЕ Е ИЗГРАДЕН БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-2821 ЗА КП 1217 КО ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправен објект, по барање УП1 бр.28-2821 за КП 1217 КО Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 14 март 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2187/7**
**од 20 март 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и "Службен весник на РСМ" бр.174/21), член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и чеврттата седница одржана на 14 март 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ УСОГЛАСИ НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО НА КОЕ Е ИЗГРАДЕН БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-2821 ЗА КП 1217 КО ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење УП1 бр.28-2821 од 25.05.2011 година од страна на лицето **Зора Арсовска** од Скопје, а се однесува на бесправниот објект зграда бр.1 со намена семејна куќа, која се наоѓа на КП 1217 КО Гази Баба, ул."Архимедова " бр.4, Скопје, Советот на Општина Гази Баба констатира дека може да се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправниот објект со намената на бесправниот објект, заради вклопување на бесправно изградениот објект, согласно член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16).

**Член 2**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на подрачјето на Општина Гази Баба, заради усогласување на намената на земјиштето на кое е изграден бесправниот објект со намената на бесправниот објект, заради вклопување на бесправно изградениот објект во урбанистичко- планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1908/9**
**од 14 март 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД Г-ДИН
АЛЕКСАНДЕР ДОЛСТРА - ПРОМОТЕР
ЗА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА**

1. Се објавува Одлуката за примање на донација од г-дин Александер Долстра - промотер за здрава животна средина, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 14 март 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2187/8
од 20 март 2023 година
Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 6 и член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (''Службен весник на РМ'' бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 6 став (3) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и ''Службен весник на РСМ'' бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и чевртата седница одржана на 14 март 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД Г-ДИН АЛЕКСАНДЕР ДОЛСТРА - ПРОМОТЕР ЗА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба во својство на примател на донација прима донација од г-дин Александер Долстра - промотер за здрава животна средина, во својство на давател на донација.

**Член 2**

Донацијата се состои 10 сензори за мерење на квалитет на амбиентниот воздух со вкупна вредност од 123.000,00 (стодваесетитриилјади) денари со вклучен ДДВ.

**Член 3**

Донираните ствари од член 2 од оваа одлука ќе бидат поставени на основни училишта и детски градинки на територија на Општина Гази Баба, заради воспоставување на мрежа за следење на квалитетот на амбиентниот воздух.

**Член 4**

За реализација на оваа одлука а по приемот на предметот на донацијата, се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор за донација во писмена форма со давателот на донацијата, согласно Законот за облигационите односи.

**Член 5**

Одлуката да се достави до давателот на донацијата и општинската администрација.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1908/10**
**од 14 март 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2022 ГОДИНА**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 14 март 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-2187/9**
**од 20 март 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 36 став (1) точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Годишниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година, со прилог Годишна сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година, Советот на Општина Гази Баба на дваесет и чевртата седница одржана на 14 март 2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН
ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2022 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува Годишниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година, со Годишната сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година, како нејзин составен дел.

2. Годишниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година и општиот дел на Годишната сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година, ќе се објават во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

3. Овој заклучок, Годишниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година и Годишната сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година, да се достават до Министерството за финансии на Република Северна Македонија.

4. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1908/11**
**од 14 март 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2022 ГОДИНА

## 1. Вовед

### 1.1 Основни податоци за Општината

– **Општина Гази Баба** е формирана на 3 ноември 1976 година.

**-Број на жители**

Во Општина Гази Баба живеат 69.626 жители од кои според етничката припадност 64,98 % се Македонци; 20,32 % се Албанци; 0,67% се Турци; 2,76 % се Роми, 0,27 % се Власи, 1,91 % се Срби и 1,08 % се Бошњаци.

**-Просечна возраст**

Просечна возраст на населението во Општина Гази Баба е 35,4 години, до 20 години 27,4%, до 40 години 58,6%, 60 години и повеќе 14,4%.

– **Површина и населени места**

Општина Гази Баба зафаќа површина од 92 км2 од која голем дел припаѓа на руралниот дел со 59,8 км2 обработливо земјиште. Населени места во општината се: Автокоманда, Железара, Ќерамидница, Хиподром, Маџари 1, Маџари 2, Триангла, Вардариште, Крсте Мисирков, Јане Сандански, Тубарево, Гоце Делчев, Питу Гули, Јурумлери, Колонија Идризово, Инџиково, Стајковци, Алија Авдовиќ, Страчинци, Црешево, Смиљковци, Виниче, Булачани, Раштак и Брњарци кои се организирани во 25 месни заедници, 10 во урбаниот дел и 15 во руралниот дел на општината .

**Скопје - Општина Гази Баба**



– **Надлежности :**

- Во согласност со Статутот на општина Гази Баба, Советот на ОГБ ги има следните надлежности:

- Го донесува статутот на општината и други прописи;
- Донесува буџет на општината и годишна сметка на општината;
- Ја утврдува висината на сопствените извори на приходи за финансирање на општината, во рамките утврдени со закон;
- Основа јавни служби во рамките на надлежноста на општината и врши надзор над нивната работа;
- Именува членови во УО на јавните служби, кои ги основа;
- Усвојува програми за работа и финансиски планови за финансирање на јавните служби, кои ги основала општината;
- Ги усвојува извештаите за извршување на буџетот и годишната сметка на општината;
- Одлучува за давање дозвола за вршење дејност од јавен интерес од локално значење, во согласност со закон;
- Ги усвојува извештаите за работата и годишните сметки на јавните служби, кои ги основала општината;
- Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината;
- Одлучува за начинот на вршење на финансиска контрола на буџетот на општината, во согласност со закон;
- Го избира лицето кое раководи со подрачната единица на Мин. за внатрешни работи во општината, во согласност со закон;
- Го разгледува и усвојува годишниот извештај за јавната безбедност на подрачјето на орштината, кој го доставува до министерот за внатрешни работи и народниот правобранител;
- Може да дава препораки на раководното лице на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот и
- Врши и други работи утврдени со закон.

- Надлежности на градоначалникот:

- Ја претставува и застапува општината;
- Ја контролира законитоста на прописите на советот;
- Ги објавува прописите на советот во службеното гласило на општината;
- Го обезбедува извршувањето на одлуките на советот;
- Го обезбедува извршувањето на работите коишто со закон и се делегирани на општината;
- Иницира и предлага донесување на прописи од надлежност на советот;
- Го предлага годишниот буџет и годишната сметка на општината;
- Го извршува буџетот на општината;
- Избира директори на јавните служби кои ги основала општината, врз основа на јавен конкурс;

- Редовно го известува советот за извршувањето на своите надлежности во согласност со статутот;
- Решава во управни работи за права, обврски и интереси на правни и физички лица, во согласност со закон;
- Донесува правилник за систематизација на работните места на општинската администрација;
- Раководи со општинската администрација;
- Одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените во општинската администрација, доколку поинаку не е определено со закон.
- Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на општината, во согласност со закон и статутот и
- Врши други работи утврдени со закон и со статутот.
- Градоначалникот може да овласти раководен службеник на општината да ја води постапката и да решава во управни работи, како и да потпишува акти.

## 1.2 Буџет и Одлука за извршување на Буџетот на ОГБза 2021 година

Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година, Одлуката за извршување на Буџетот на Општината за 2022 година и Одлуката за користење на средствата од постојана и тековна резерва, се донесени на шесттата седница на Советот на општината, одржана на ден 24.12.2021 година, на која вкупните приходи и вкупните расходи за 2022 година се проектирани на износи од **1.305.434.000** денари.

Во текот на 2022 година, Советот на Општина Гази Баба донесе две Одлуки за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година,односно изготвени се два ребаланси на буџетот и тоа на 11та седница на Советот на општината, одржана на ден 10.05.2022 година, на 17та седница на Советот на општината, одржана на ден 28.10.2022 година.

Со донесениот втор ребаланс на Буџетот, вкупниот износ на планираните приходи и на планираните расходи беше зголемен за износи од **34.018.518** денари, при што вкупно планирани приходите и вкупно планираните расходи во Буџетот за 2022 година беа проектирани на ниво од вкупно **1.361.278.518** денари.

# 2. Завршна сметка за 2022 година

## 2.1 Остварување на приходите и извршувањето на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година

Во Годишниот извештај за остварување на приходите и извршувањето на расходите на буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година е даден приказ на планираните и на реализираните приходи и расходи за 2022 година, на остварените приходи и расходи за 2021 година, како и индексите на остварувањето на приходите и расходите во однос на планираните со Буџетот за 2022 година и во однос на реализираните од минатата година.

Во Годишниот извештај за 2022 година прикажани се одделно, планираните и реализираните приходи и расходи на Основниот буџет, планираните и реализираните приходи и расходи на блок дотациите кои служат за финансирање на основните училишта и детските градинки на подрачјето на Општината, планираните и реализираните приходи и расходи на донациите остварени во текот на минатата година, планираните и реализираните приходи и расходи на заеми,како и планираните и реализираните приходи и расходи на средствата кои служат за самофинансирачките активности кај основните училишта и детските градинки.

Податоците за планираните и реализираните приходи и расходи за 2022 година и реализираните приходи и расходи 2021 година се дадени табеларно и графички по оделни видови на приходи и расходи, по програми и потпрограми и во аналитичка форма по ставки и потставки.

### I - ПРИХОДИ

Приходите во Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година бележат остварување во вкупен износ од **1.086.459.245,00 денари** или **79,81%** во однос на вкупните планирани приходи во Буџетот за 2022 година кои изнесуваат вкупно **1.361.278.518,00 денари**. Планираните приходи во Буџетот за 2022 година, остварените приходи за 2022 година и реализираните приходи за 2021 година, групирани по оделни видови на приходи изнесуваат:

| ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | БУЏЕТ | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Конто | Програма / Ставка | 2022 година | VI - Кватрал 2021 година | VI - Кватрал 2022 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 6 | 6 | 7 | 8 |
| | 71 | ДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 392.408.000 | 636.981.130 | 359.441.359 | 91,60% | 56,43% |
| | 72 | НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 3.680.000 | 3.621.675 | 5.790.538 | 157,35% | 159,89% |
| | 73 | КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ | 24.572.000 | 69.268.373 | 50.824.226 | 206,84% | 73,37% |
| | 74 | ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ | 295.952.518 | 55.727.990 | 107.360.570 | 36,28% | 192,65% |
| 1 | | ВКУПНО ПРИХОДИ НА ОСНОВЕН БУЏЕТ | 716.612.518 | 765.599.168 | 523.416.693 | 73,04% | 68,37% |
| 2 | | ВКУПНО ПРИХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ | 516.166.000 | 468.549.066 | 492.555.480 | 95,43% | 105,12% |
| 3 | | ВКУПНО ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ | 83.500.000 | 14.740.805 | 44.238.344 | 52,98% | 300,11% |
| 4 | | ПРИХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ | 45.000.000 | 22.286.969 | 26.248.728 | 58,33% | 117,78% |
| 5 | | ВКУПНО ПРИХОДИ ОД КРЕДИТИ | 0 | 52.997.114 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | ВКУПНО ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | 1.361.278.518 | 1.324.173.122 | 1.086.459.245 | 79,81% | 82,05% |

Извор: Општина Гази Баба

**Приходите на Основниот буџет** се остварени во износ од **523.416.693,00** денари или **73,04%** во однос на планираните приходи од **716.612.518,00** денари во Буџетот за 2022 година.

**Приходите од блок дотациите** за основните училишта и детските градинки на територија на општината добиени како блок дотации на посебната наменска сметка од Министерството за образование и наука и од Министерството за труд и социјална политика во 2022 година се остварени во износ од **492.555.480,00** денари или **95,43%** во однос на планираните приходи за 2022 година кои изнесуваат **516.166.000,00** денари.

Кај **Приходите од донации** во 2022 година се бележи остварување од вкупно **44.238.344,00** денари односно **52,98%** во однос на планираните приходи кои изнесуваат **83.500.000,00** денари.

**Приходите од самофинансирачките активности** на основните училишта и детските градинки во 2022 година се остварени во износ од **26.248.728,00** денари или **58,33%** во однос на планираните приходи за 2022 година кои изнесуваат **45.000.000,00** денари и

Кај Приходите на Основниот буџет во однос на планираните со буџетот за 2022 година бележиме:

- даночните приходи се остварени со индекс од 91,60%,
- неданочните приходи се остварени со индекс од 157,35%,
- капиталните приходи се остварени со индекс од 206,84% и
- приходите од трансфери и дотации се остварени со индекс од 36,28%.

Графичкиот приказ на остварените приходи на општината за 2022 година како и на нивната споредба со планираните приходи во Буџетот за 2022 година класифицирани по одделни видови на приходи може да се види од следното:




Извор: Општина Гази Баба

Аналитичкиот приказ на остварувањето на оделните видови на приходи на буџетот на Општина Гази Баба за периодот јануари-декември 2022 година, по ставки и подставки и нивната споредба со планираните приходи во Буџетот за 2022 година и со остварените приходи за истиот период во 2021 година е даден во следниот табеларен преглед :

| ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | БУЏЕТ | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Конто | Програма / Ставка | 2022 година | VI - Кватрал 2021 година | VI - Кватрал 2022 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 6 | 6 | 7 | 8 |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА** | **1.361.278.518** | **1.324.173.122** | **1.086.459.245** | **79,81%** | **82,05%** |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ НА ОСНОВЕН БУЏЕТ** | **716.612.518** | **765.599.168** | **523.416.693** | **73,04%** | **68,37%** |
| | **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **392.408.000** | **636.981.130** | **359.441.359** | **91,60%** | **56,43%** |
| **1** | **711** | **Данок од доход, од добивка и од капитални добивки** | **18.710.000** | **20.472.087** | **26.816.729** | **143,33%** | **130,99%** |
| | 711111 | Данок на плати на вработени лива корисници на средства од Буџетот на РМ и на ЕЛС. | 4.000.000 | 4.337.305 | 5.113.812 | **127,85%** | **117,90%** |
| | 711112 | Данок на плати на вработени лица во трговски друштва и јавни претпријатија | 13.000.000 | 14.569.773 | 19.512.682 | **150,10%** | **133,93%** |
| | 711114 | Данок на плати остварени во странство | 200.000 | 178.379 | 233.400 | **116,70%** | **130,84%** |
| | 711133 | Данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност | 1.000.000 | 937.209 | 1.361.749 | **136,17%** | **145,30%** |
| | 711139 | ДДанок на доход на приходи ид занаетчиска дејност според паушално утврден нето приход | 500.000 | 449.421 | 595.086 | **119,02%** | **132,41%** |
| | 711140 | Камата за ненавремено плаќање на персонален данок на доход од занаетчиска дејност | 10.000 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| **2** | **713** | **Даноци на имот** | **62.950.000** | **132.107.281** | **155.364.308** | **246,81%** | **117,60%** |
| | 713111 | Данок на имот | 18.000.000 | 19.571.663 | 24.416.199 | **135,65%** | **124,75%** |
| | 713112 | Повисока стапка на данок на имот | 10.000.000 | 17.178.664 | 23.695.840 | **236,96%** | **137,94%** |
| | 713113 | Данок на имот од правни лица | 16.000.000 | 21.134.236 | 27.798.551 | **173,74%** | **131,53%** |
| | 713211 | Данок на наследство и подарок | 3.000.000 | 5.132.231 | 7.305.203 | **243,51%** | **142,34%** |
| | 713311 | Данок на промет на недвижности | 9.500.000 | 45.733.790 | 46.767.638 | **492,29%** | **102,26%** |
| | 713312 | Данок на промет на недвижности по повисока стапка | 6.000.000 | 22.813.558 | 23.296.563 | **388,28%** | **102,12%** |
| | 713512 | Камата за ненавремено плаќање на данок на имот | 450.000 | 543.139 | 2.084.314 | **463,18%** | **383,75%** |
| **3** | **717** | **Даноци на специфични услуги** | **310.648.000** | **484.368.047** | **177.239.505** | **57,05%** | **36,59%** |
| | 717112 | Комунална такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија | 5.000.000 | 5.061.577 | 7.810.501 | **156,21%** | **154,31%** |
| | 717115 | Комунална такса за користење на улици со возила што се плаќа при регистарција на возилата | 4.000.000 | 4.906.327 | 4.175.368 | **104,38%** | **85,10%** |
| | 717116 | Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување | 33.580.000 | 41.718.731 | 48.910.462 | **145,65%** | **117,24%** |
| | 717129 | Други комунални такси (витрини, музика и сл.) | 0 | | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | 717131 | Комунална такса за користење на просторот пред деовни простории за вршење на дејност | 350.000 | 254.829 | 228.983 | **65,42%** | **89,86%** |
| | 717132 | Комунална такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија | 0 | | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | 717137 | Надомест за уредување на градежно земјиште | 267.718.000 | 432.426.583 | 116.114.191 | **43,37%** | **26,85%** |
| | 717140 | Камата за ненавремено плаќање | 0 | | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| **4** | **718** | **Такси за користење или дозволи за вршење на дејност** | **100.000** | **33.715** | **20.817** | **20,82%** | **0,00%** |
| | 718134 | Надомест за управување со отпад на општината, односно Град Скопје | 50.000 | | 17.066 | **34,13%** | **0,00%** |
| | 718147 | Надомест за вадење песок | 50.000 | 33.715 | 3.751 | **7,50%** | **0,00%** |
| | **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **3.680.000** | **3.621.675** | **5.790.538** | **157,35%** | **159,89%** |
| **5** | **722** | **Глоби, судски и административни такси** | **1.230.000** | **1.663.180** | **1.764.617** | **143,46%** | **106,10%** |
| | 722129 | други парични казни | 100.000 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | 722315 | Административни такси кои се плаќаат за списите и дејствијата | 1.130.000 | 1.663.180 | 1.764.617 | **156,16%** | **106,10%** |
| | 722316 | Други локални такси | 100.000 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | **723** | **Такси и надоместоци** | **50.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 723911 | Закупнина од објекти | 0 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | 723914 | Приходи од закупнина на оптестевен имот | 50.000 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| 7 | **724** | **Други владини услуги** | **0** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 724112 | Надомест за изработка на просторни и урбанистички планови | 0 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | 724125 | Приходи од тендери (јавни набавки) | 0 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| 8 | **725** | **Други неданочни приходи** | **2.400.000** | **1.958.495** | **4.025.921** | **167,75%** | **205,56%** |
| | 725939 | Останати неданочни приходи | 1.100.000 | 863.775 | 2.378.577 | **216,23%** | **275,37%** |
| | 725982 | Договорни казни за непочитување | 1.300.000 | 1.094.720 | 1.647.344 | **126,72%** | **150,48%** |
| | **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **24.572.000** | **69.268.373** | **50.824.226** | **206,84%** | **73,37%** |
| 9 | **733** | **Продажба на земјиште и нематеријални вложувања** | **24.572.000** | **69.268.373** | **50.824.226** | **206,84%** | **73,37%** |
| | 733111 | Приходи од продажба на недвижности на Р.М. | 10.000.000 | 25.393.089 | 37.201.082 | **372,01%** | **146,50%** |
| | 733115 | Приходи од закуп на земјодел. Земјиште во сопственост на државата | 1.500.000 | 1.693.136 | 1.831.008 | **122,07%** | **108,14%** |
| | 733119 | Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основа на простор) | 20.000 | 26.663 | 77.497 | **387,49%** | **290,65%** |
| | 733120 | Надомест за концесии за експоатација на минерални суровини по основа на експлоатиранаминерална суровина | 1.000.000 | 687.218 | 511.394 | **51,14%** | **74,42%** |
| | 733131 | Приходи од надомест за закупнина | 1.000.000 | 833.640 | 833.640 | **83,36%** | **100,00%** |
| | 733132 | Приходи на ЕЛС остварени при отуѓување и закуп на градежно земјиште | 8.000.000 | 16.679.732 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
